Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 24.05.2020

На 23.05.2020 во 09,33 часот на ул.„Јосиф Јосифовски" во Гевгелија трактор "имб" со велешки регистарски ознаки управуван од Ј.С.(48) од Гевгелија удрил во мопед "томос апн 6" без регистарски ознаки управуван од З.П.(72) од Скопје. Од здобиените повреди при незгодата, З.П. починал на лице место, а од доктор од итна медицинска помош била констатирана смрт. Увид на местото на настанот извршале јавен обвинител и увидна екипа на Одделение за внатрешни работи Гевгелија, а по наредба на јавен обвинител, телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 23.05.2020 во 13,15 часот на локален пат за Средно Водно во Скопје патничко моторно возило "бмв" со скопски регистарски ознаки управувано од Д.А.(29) од Скопје удрил во мотоцикл"априлија" со германски национални ознаки управуван од М.Х.(27) од Скопје. По незгодата М.Ц. со возило на итна медицинска помош бил пренесен во Комплекс клиники„Мајка Тереза", каде од доктор му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 23.05.2020 во 15.35 часот во Градски парк во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода 17 годишна малолетничка бидејќи кај неа била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.05.2020 во 20.45 часот на пункт „Стенковец" во Скопје полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(27) од Скопје бидејќи физички нападнал полициски службеници при вршење на службени дејствија.За настанот е известен јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.05.2020 во 23.40 часот од ул.10 во с.Сингелиќ, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ј.(29) од с.Сингелиќ поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело„предвизвикување општа опасност". На 23.05.2020 во 17,47 часот О.И.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Христијан Тодоровски Карпош" во Скопје во близина на новиот дел после подвозникот во близина на Земјоделски институт од патничко моторно возило "фолксваген пајтон" и патничко моторно возило"ауди 4" во кои биле четири непознати лица со автоматско оружје и пиштоли пукале кон застанато возило, а потоа и кон пријавителот, С.Х.(29) и Р.Х.(58) кои биле на плац во нивна сопственост. По кажување на пријавителот истиот во напаѓачите ги препознал Д.Ј. и А.М. На местото на настанот увид извршила увидна екипа од СВР Скопје, при што биле пронајдени и подигнати за вештачење околу 20 чаури и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 во 17,00 часот на магистрален пат Штип-Кочани кај с.Крупиште полициски службеници од СВР Штип ги лишиле од слобода А.Д.(19), Б.Т.(21) двајцата од с.Ерџелија- Св.Николе и А.В.(21) од Штип затоа што при извршен преглед над нив и возило била пронајдена и одземена прашкаста материја. За настанот е известен јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот против пријавените ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.05.2020 во 03.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на бул."Гоце Делчев" во сопственост на Г.Н.(52) од Скопје, опожарена била терасата на угостителскиот објект. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 23.05.2020 во 16.00 часот во СВР Битола било пријавено дека околу 08,00 часот пред бензинска пумпа во Битола, Љ.Т. кој управувал патничко моторно возило„мерцедес" со велешки регистарски ознаки упатувал закани по живот кон полициски службеник од СВР Битола, по што го напуштил местото на настанот.За настанот е запознаен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 во 20,00 часот во с.Џепчиште, тетовско полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ј.Ј.(53) од с.Џепчиште бидејќи, на 23.05.2020 во 19,30 часот во СВР Тетово било пријавено дека во Клиничката болница Тетово бил донесен со тешка телесна повреда Б.Ш.(44) од с.Џепчиште, кој со повредата се здобил во с.Џепчиште при физичка пресметка со неговиот сосед Ј.Ј.. За настанот е запознаен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 во 15.30 часот во с.Бунарџик,скопско полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ф.(75) од с.Бунарџик бидејќи на 23.05.2020 14,20 часот во СВР Скопје, И.Ц.(37) пријавил дека на ул. „2" во с.Бунарџик поради нерасчистени имотни односи и претходна расправија С.Ф.(75) од с.Бунарџик го нападнал со метална шипка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 во 14,20 часот во Полициска станица Тетово било пријавено дека околу 15.00 часот на ул. „Б.Тоска" во Тетово полициски службеници од СВР Тетово биле физички нападнати од три непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 околу 18,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во двор на ул.„Божин Николов" во Скопје во сопственост на Ј.В.(41) поради нарушени имотно-правни односи тој бил физички нападнат со тврд предмет од Ф.В. и М.В. двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 во 19.15 часот во СВР Битола, С.П.(66) од Битола пријавила дека нејзиниот брат Б.К.(63) се оддалечил од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 23.05.2020 во 11,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники„Мајка Тереза" починал М.П.(58) од Скопје, осуденик од КПУ Идризово, кој бил донесен на 04.05.2020 од КПУ Идризово со здравствени проблеми. Од страна на доктор е констатирана смрт. Телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 23.05.2020 во 14.12 часот во СВР Битола, М.М.(33) од Битола пријавил дека на ул.Прилепска во Битола дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу пријавителот и П.М.(61) од Битола од една страна и Т.А.(48) од Битола од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 во 18.30 часот во Полициска станица Ресен, В.Д.(43) од Р.Албанија пријавила дека на ул. „ 29 - ти Ноември " во Ресен по претходна расправија била физички нападната од Р.С. и Ф.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 во 20.55 часот во Полициска станица Битола, било пријавено дека на паркинг во Битола дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ѓ.С.(43), И.В.(39), Г.Б.(22) од една страна и Н.С.(30) од друга страна, сите од с.Баница- Струмица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.05.2020 околу 13.10 часот во СВР Струмица, Ж.К.(54) од Струмица пријавил дека околу 08.15 часот на ул.Ленинова во Струмица бил физички нападнат од три непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2020 во 01.20 часот, во атарот на струшката населба Теферич, пронајдени и приведени се Б.С.(34) и С.К.(32), двајцата од Струга. Приведувањето е извршено, откако во 01.07 часот во Полициската станица во Струга, од затворот во Струга е добиено телефонско известување дека двете лица избегале од казнено поправната установа каде издржувале затворска казна.

На 23.05.2020 во 20.00 часот, во СВР Охрид приведен е М.Т.(61) од Охрид. Тој, околу 18.30 часот, на улицата „Абас Емин", во алкохолизирана состојба го нарушил јавниот ред и мир а потоа извршил физички напад врз Ж.Р. и С.Т. од Охрид.Против напаѓачот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.05.2020 во 15.20 часот, на кеј „Македонија" во Охрид, нарушен е јавниот ред и мир со физички напад извршен од Г.П. врз Љ.Д.(59), двајцата од Охрид. Против напаѓачот, СВР Охрид ќе поднесе соодветна пријава.

На 23.05.2020 во 12.30 часот, во полициското одделение во селото Велешта, Н.Д.(47) од струшкото село Октиси, пријавил дека неговиот малолетен син во селото бил нападнат од куче скитник.

На 23.05.2020 во Полициската станица Кичево, А.Б.(23) од кичевското с.Бачишта, пријавил дека во атарот на селото бил нападнат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет